Реден број на прилогот:44

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**СМЕТКОВОДСТВО НА ФАРМИ**			
2.	Код	**ФЗНХ 151**			
3.	Студиска програма	**Градинарство и цвеќарство**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Трета година: V семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Претходни општи предзнаења од областа на економиката на земјоделството			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Предметната програма има за цел да даде основни знаења за финансиското сметководство и сметководството на менаџмент кај земјоделските стопанства. По завршување на предметот, студентите ќе покажат разбирање за основните принципи на сметководството и сметководствената евиденција кај земјоделските стопанства, вклучувајќи ги принципите на двојното книговодство, како и самостојно евидентирање на деловните трансакции. Студентите ќе се запознаат со основните финансиски извештаи, биланс на состојба, биланс на успех и извештај за паричен тек, по што ќе можат да ја објаснат поврзаноста помеѓу профитот, билансот на состојба и паричните приливи и одливи кај земјоделските стопанства. Студентите ќе ги совладаат основните техники за книжење на средствата, обврските и капиталот врз основа на сметководствената равенка, а ќе се запознаат и евидентирање на приходите и расходите, како елементи на билансот на успех. Врз основа на финансиските извештаи, студентите ќе можат да ги пресметуваат и толкуваат клучните финансиски индикатри за успешност на земјоделските стопанства, поврзани со профитабилноста, финансискиот капацитет и ликвидноста. Студентите ќе стекнат знаења кои ќе им овозможат компаративна анализа на основните финансиски извештаи.				
11.	**Содржина на предметната програма:** • Вовед во сметководството. Сметководство и книговодство. Сметководствени системи. • Основни концепти во сметководството. Меѓународни стандарди на финансиско известување. • Сметководствена евиденција, сметки, евиденција во главна книга и дневник. • Сметководствен период. Специфики во земјоделството. • Запознавање со билансот на состојба. • Промени во билансот на состојба • Приходи и расходи. Мерење на расходите. Запознавање со билансот на успехот. • Сметководство на залихи и специфичност на залихите во земјоделството. Трошоци на продажба. • Сметководство на постојани средства и амортизација на постојаните средства (актива) • Сметководство на обврски и капитал (пасива) • Извештај на паричен тек • Толкување на финансиските извештаи • Анализа на финансиските извештаи (показатели на финансискиот статус; показатели на профитабилноста; показатели на ефикасност и активност; дипон анализа) • Мрежа на сметководствени податоци на фарма на ЕУ (општи принципи) • Мрежа на сметководствени податоци на фарма на ЕУ (биланс на состојба, биланс на успех според ФАДН)				
12.	**Методи на учење:** Теоретската настава се реализира со: класични предавања поддржани со Power Point и други видео презентации, дискусии, студии на случај, изучување на практични случаи, како и изработка на индивидуални и/или групни домашни и проектни задачи. Практичната работа се реализира со решавање на зададени проблеми/ситуации и презентации, при што за решавање на задачите покрај конценционалниот пристап, се користи и компјутерскиот програм MS Excel. Во реализирање на практичната настава ќе бидат поканети гости предавачи од секторот, и ќе се анализираат реални примери од практиката, Вежбите ќе бидат аудиториски, теренски и во компјутерска лабораторија. Ќе се практикуваат отворени дискусии и консултации.				

13.	Вкупен расположлив фонд на време		**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**		
14.	Распределба на расположливото време		**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**		
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), консултации, семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**65**	часови
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		**60**	бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови
	17.3	Активност и учество		**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**
		од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**
		од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**
		од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**
		од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**
		од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Изработена проектна задача			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Анонимна анкета на студентите			

22. Литература

Задолжителна литература

	Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
22.1	1.	Русевски, Т., Недев, Б., Лазаревска, З., Јаневски, Љ., Миновски, З.	Основи на сметководство	Економски факултет, Скопје	2004
	2.	Русевски, Т.	Сметководство (за нематични факултети)	Економски факултет, Скопје	2009

Дополнителна литература

	Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
22.2	1.	Русевски, Т., Недев, Б., Лазаревска, З., Јаневски, Љ., Миновски, З.	Основи на сметководство – збирка задачи	Економски факултет, Скопје	2007
	2.	Wheeling, B.M	Introduction to agricultural accounting	Clifton Park, NY : Thomson Delmar Learning	2008
	3.	Хорнгрен, Ч. Т., Сандем, Г. Л., Елиот, Ц. А., Филбрик, Д. Р.	Вовед во финансиско сметководство	Магор	2010